## Концерт флејта и пијано

## ПРОГРАМА

м-р Ване Аревски – флејта

д-р Невенка Дуковска – пијано

*К. Тодоровски - Песна*

*В. Атанасов - Фантазија за обоа и пијано / флејта и пијано*

*Т. Прокопиев – „Дојранка“, Свита за флејта и пијано*

*С. Иванов – „Дафино вино црвено“*

*С. Иванов – „Ајде слушај, слушај“*

*И. Еминовиќ – „Пајдушко“*

*Г. Смокварски / В. Атанасов арр.- „Тешкото“*

**06.09.2023 год.** **Поч. 20:00 час.**

НУЦК "Ацо Шопов" Штип (голема сцена)



Невенка Дуковска (Трајкова) е родена во Скопје 1984 год. потекнува од музичка фамилија, а со пијаното се дружи од својата најрана возраст. Основно и средно музичко образование завршува во ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ во Штип, каде што работи и живее. Дипломира и магистрира на отсекот пијано на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ - Софија, Р. Бугарија во класата на Проф. Антон Диков и асистент Елена Дикова.

Магистрира на истата академија - отсек пијано, а во 2013 г. докторира во областа на камерната музика и корепетицијата, преку која што ја истражува, а воедно и афирмира современата музика.

Во моментот работи како вонреден професор на Универзитетот „Гоце Делчев“ на Музичката академија во Штип.
Добитник е на повеќе први награди како пијанист, како и на награда од меѓународниот Арт фестивал „Езерски бисери“ – Струга за најдобар корепетитор на натпреварот. Добитник е, исто така, и на две 8-мо Ноемвриски признанија од град Штип и град Неготино, а 2018 год. доби и награда и признание од Градоначалникот на градот M'diq, Мароко, за допринос во културата.



Ванчо Аревски – флејтист, роден 1984 год во Штип. Музичкото образование го започнува во Централното Музичко Училиште во Штип каде и го завршува средното образование. Дипломира на Ф.М.У во Скопје во класата на проф. Страшо Темков, каде што ги завршува и постдипломските студии кај истот професор.
Има остварено бројни настапи во земјава и недвор од неа: "Денови на македонска музика", "Штипско културно лето", "Скопско лето", "Ноќи на француско германска и македонска музика " и како солист со Македонската филхрамонија и Симфонискиот оркестар на ФМУ – Скопје.

Настапи на концерт во Њујорк заедно со Невенка Дуковска – пијано, кој беше проект поддржан од Минстерството за култура на Р.С. Македонија.

Партиципира во Симфонискиот оркестар "Fame's Film Music" – Скопје, во Македонската филхармонија.
Од 2013 год. е редовно вработен како прв флејтист во Македонската Опера и Балет – Скопје.

Scanned by TapScanner